# 508 SW





PEUGEOT веќе 210 години ја почитува високо квалитетната и иновативна француска производна традиција. Сега повеќе од кога и да è, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила.
Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до поврзаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.


**03** ДИЗАЈН
**08** ВНАТРЕШНОСТ
**13** ТЕХНОЛОГИЈА
**16** МОТОРИ
**19** ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА

РАДИКАЛНА ЛИМУЗИНА





## РАДИКАЛНА ЛИМУЗИНА

На прв поглед ќе Ве одушеви моќта и лавовската естетика на PEUGEOT 508 SW. Смелата, издолжена и спортска силуета инспирирана е од купе моделите задржувајќи го изгледот на караванот. Од првичните скици на неговиот дизајн се забележува стремежот за совршени пропорции помеѓу тенките надворешни линии и експресивната спортска елеганција.

## АТЛЕТСКИ И ОСТАР ДИЗАЈН

Аеродинамичката форма на каросеријата на PEUGEOT 508 SW му дава на возилото издолжен и агилен изглед. Неговиот иновативен дизајн е впечатлив, едноставен и идеално избалансиран. Профилот открива атлетски и јасно дефинирани линии кои одлично се вклопуваат во целината и се протегаат сè до ипактнатите браници. Со експресивната декоративна решетка со хромирана шаховска шара опкружена со Full LED(1) предни светла, новиот PEUGEOT 508 SW изгледа модерно и елегантно, а истовремено е пространо и спортско.

(1)Стандард за GT / GT Pack нивоата на опременост



## МОЌНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

На задниот дел, сјајната црна лента ги истакнува 3D Full LED светлата(1) во форма на три лавовски канџи на PEUGEOT кои имаат впечатлива „анимација“ при заклучување и отклучување на вратите. Нивниот светлосен интензитет автоматски се прилагодува според условите на осветленоста, обезбедувајќи Ви одлична видливост.

(1)Достапно како стандард во зависност од верзијата.

## СВЕТЛОСЕН ПОТПИС

За подобрена прегледност и дење и ноќе, новиот препознатлив светлосен потпис на брендот(1) се состои од Full LED предни светла со автоматско прилагодување на висината(2), предни LED индикатори и прецизно осветлување при свиоци. Можете да гледате и да бидете видени во секое време, за оптимизирано возење и безбедност.

(1)Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
(2)Оваа функција автоматски ја прилагодува висината на светлата во согласност со оптовареноста на возилото за да не им пречи на другите учесници во сообраќајот.










## БЕЗКОМПРОМИСНА ПЕРФЕКЦИЈА

Вратите без рамка со својата елеганција ги надополнуваат совршено чистите линии на новиот PEUGEOT 508 SW. За таа цел, дизајнерскиот тим ја искористи својата експертиза за да овозможи бескомпромисна естетика и квалитет. Посветено е внимание на секој детаљ, заедно со силуетата и линиите на возилото кои се изработени до перфекција.

## ОТВОРЕН КОН НЕБОТО

Ве покануваме интензивно да уживате во убавината на пејзажот низ кој возите. Панорамскиот подвижен покрив[1] на сите патници, вклучувајќи ги и оние на задните седишта, им нуди уникатен широкоаголен поглед на околината.

(1)Опција или недостапно во зависност од верзијата.



## ПРЕПОЗНАТЛИВИ СИМБОЛИ

Изваjаниот облик на каросеријата на новиот PEUGEOT 508 SW PLUG-IN HYBRID е ист како оној на моделот со внатрешно согорување и нуди потполно ист волумен во патничкиот простор како и во багажникот[1]. Специфичната дихронична ознака HYBRID на задниот дел и на страните на овој врвен караван укажува дека е дел од plug-in хибридниот технолошки универзум. За полесен пристап до ограничените области, синото LED светло на горниот дел од ветробранското стакло што се гледа однадвор, автоматски се вклучува додека возите во електричен режим.

(1)Волумен на багажникот над подот.



# PEUGEOT i-COCKPIT®





## ИСКУСЕТЕ ГО НЕСПОРЕДЛИВИОТ PEUGEOT i-COCKPIT®

PEUGEOT i-Cockpit® во комбинација со компактен управувач, дигитална инструмент табла и 10» екран на допир[1] обезбедува уникатно искуство во возењето. Седнете на возачкото седиште на PEUGEOT 508 SW PLUG-IN HYBRID и откријте ги карактеристиките на plug-in хибридниот караван. Дозволете си можност за прилагодување на различни режими на возење[2], регенеративно сопирање[3] со постојан преглед на информациите за работата на погонската единица, кои се прикажуваат во реално време.

(1)Стандард, опција или недостапно, во зависност од верзијата.
(2)Electric, Hybrid, Confort (во зависност од опремата) или Sport.
(3)Функцијата „Brake" ја успорува брзината на возилото без притискање на педалата за сопирање. Делува како моторно сопирање и во исто време Ви овозможува да ја наполните батеријата.




## PLUG-IN ХИБРИДЕН УНИВЕРЗУМ

Пограмирајте го полнењето на Вашиот хибриден караван преку 10" HD екран на допир[1]. Пристапете до функциите за поставки и информациите за возење:

- Протокот на енергија илустрира како функционира хибридниот систем.
- Статистика за потрошувачка на електрична енергија и гориво.
- Локацијата на станиците за полнење и преостанат опсег во електричен режим[2].
- Конфигурација за полнење на батеријата.
- Активирање на функцијата e-Save.

(1)Стандард.
(2)Преку навигација.

## ОСТАНЕТЕ ПОВРЗАНИ СО СВЕТОТ

Реплицирајте ги Вашите омилени компатибилни апликации на 10-инчниот екран на допир(1) со помош на функцијата Mirror Screen[2] и полнете го Вашиот паметен телефон[3] во централната конзола. Патувајте целосно безгрижно со поврзаната 3D навигација[1] опремена со препознавање на гласот благодарение на TomTom® услугите кои ги прикажуваат сите значајни елементи за време на возењето[4].

(1)Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата. (2) Стандард. Mirror Screen Ви овозможува да ги дуплирате апликациите на паметните телефони на екранот на допир. Функцијата Mirror Screen се контролира, во зависност од случајот, преку Android Auto (паметни телефони со оперативен систем Android), преку CarPlay™ (паметни телефони со оперативен систем iOS) или дури, до мај 2022 година, преку технологијата MirrorLink® (за паметни телефони со Android компатибилни со MirrorLink®), се додека имате мобилен или Интернет Договор. Само овие три сертифицирани апликации работат кога возилото е во мирување или возите, во зависност од случајот. Додека возилото е во движење, одредени функции на апликациите се деактивираат. Некои типови содржини, до кои може да се пристапи бесплатно на Вашиот паметен телефон, бараат претплата на одредена апликација потврдена од Android Auto™, Apple CarPlay™ или MirrorLink®. За повеќе информации, консултирајте се со веб-страната на PEUGEOT за Вашата земја. (3)Опција или недостапно во зависност од верзијата- индукциско полнење на уреди компатибилни со стандардот Qi. (4)TomTom услугите овозможуваат прикажување на сите информации кои се важни при Вашето возење во реално време: сообраќај во реално време, бензински пумпи, паркинг места, временски услови, локални пребарувања и ризични области од страна на услугите на TomTom (во зависност од локалното законодавство). Претплатата на сите овие услуги доаѓаат со 3-годишна претплата што може да се продолжи или последователно да се обнови со доплата.









## HI-FI FOCAL®

Hi-Fi FOCAL® премиум системот(1) може да се пофали со чиста и детална репродукција на звукот за возачите кои бараат врвен квалитет. Опремен со десет звучници и најдобрите акустични технологии, новиот PEUGEOT 508 SW ги надминува границите со Hi-Fi искуството во автомобилот.

(1)Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

## УДОБНОСТ НА НАЈВИСОКО НИВО

Патувајте удобно на седишта со AGR(1)  сертификат кај новиот PEUGEOT 508 SW со прилагодлива должина, агол на седиштето и лумбална потпора(2), кои можат и да се меморираат. За оптимален комфор, во новиот PEUGEOT 508 SW се достапни и седишта со електрични и мемориски поставки. Тие исто така имаат систем за греење и масажа(3) со повеќе  точки.

(1)Германска асоцијација за здравјето на грбот. Стандард или опција во зависност од верзијата.
(2)Прилагодување на должината, потпирачот на седиштето и прилагодување на лумбалниот дел
(3)Опција или недостапно во зависниот од верзијата.

## БЕЗВРЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Заземете место во модерниот и софистициран внатрешен свет. Во внатрешноста на PEUGEOT 508 SW се користат висококвалитетни и издржливи материјали декорирани со елегантни украси.



## ИНТЕЛИГЕНТНО СКЛАДИРАЊЕ

Достапни се бројни места за складирање низ кабината. Во предниот дел, тие се наоѓаат на панелите на вратите, во и под централната конзола. Предметите за задните патници исто така се на дофат.

## ПРОСТРАН БАГАЖНИК

Екстремно пространиот багажник[1] каде може да ги сместите Вашите куфери и останатиот багаж е исклучително практичен благодарение на шините и товарната мрежа[2]. Со нискиот праг за товарење и екстра широкиот отвор на задната врата овозможува импресивно голем и лесно достапен простор. PEUGEOT 508 SW може да биде опремен и со hands-free[3] ситем на задната врата, систем кој е поврзан со ADML[4], кој Ви овозможува да го отворате и затворате багажниот простор со едноставно замавнување на ногата под задниот браникот.

(1)Волумен на багажникот: 530 литри, а и до 1.780 литри со преклопени потпирачи за грб на задните седишта.
(2)Стандард или опција во зависност од верзијата.
(3)Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
(4)Влез и стартување без клуч



# ТЕХНОЛОГИЈА



## ВИДЕТЕ ГО НЕВИДЕНОТО

Ноќе или во услови на недоволна видливост, инфрацрвената камера од системот ”Night Vision”[1] детектира присуство на пешаци или животни пред возилото за оптимална безбедност при возење. Сликата е прикажана во Вашето видно поле на дигиталната инструмент табла придружена со предупредување.

(1)Опција или недостапно во зависност од верзијата.

## ВОЗЕТЕ АВТОНОМНО

Со Drive Assist Plus Pack[1], возете го Вашиот PEUGEOT 508 SW полу-автономно. Користејќи ги радарот интегриран во центарот на предниот браник и камерата лоцирана на врвот на ветробранскотот стакло, адаптивниот темпомат со функција Stop & Go Ви овозможува автоматски да ја прилагодите брзината на возилото до онаа на возилото пред Вас, одржувајќи постојано растојание. Поврзан е со системот за одржување на позицијата во лента, кој ја одржува позицијата на возилото во лентата, според изборот направен од возачот.

(1)Стандард, опција или недостапно во извор од верзијата.








## ОПТИМИЗИРАЈТЕ ЈА ВАШАТА АВТОНОМИЈА

За да го зачувате траењето на батеријата на Вашиот PEUGEOT 508 SW PLUG-IN HYBRID и да го персонализирате возењето, изберете меѓу режимите на возење оној кој најмногу одговара на Вашето патување или желби, за да ги искористите предностите:
• Electric: 100% електричен режим, до 135 km/h(1)
• Hybrid: наизменична електрична и топлинска циркулација, со цел да се оптимизира користењето на енергијата.
• Confort: ги комбинира хибридниот режим и удобноста на контролираната суспензија(2).
• Sport: ја мобилизира целата моќ на термичките и електричните мотори за да се добијат максимални динамични перформанси.

(1)Секогаш кога ќе го стартувате Вашето возило, електричниот режим стандардно се активира.
(2)Само со контролирана суспензија (AMVAR) - Стандард, опција или недостапно, во зависност од верзијата.

## РЕГЕНЕРАТИВНО КОЧЕЊЕ

Функцијата „Кочење“ кај PEUGEOT 508 SW PLUG-IN HYBRID му овозможува на возилото да успорува без да мора да ја притискате педалата за сопирње. Со помош на моторното сопирање, оваа функција овозможува и полнење на батеријата. Оваа функција може да се активира од возачот преку избирачот на менувачот, без разлика кој режим на возење е избран.



## МОЌТА НА ИЗБОРОТ








## PLUG-IN ХИБРИДЕН ПОГОН

Доживејте уникатни задоволства во возењето со електричниот погон кој овозможува моментално забрзување и тивко работење без никакви вибрации. За да се обезбеди максимална комбинирана моќност од 165 kW / 225 КС со погон на предните тркала, plug-in хибридната технологија комбинира бензински мотор PureTech (132 kW / 180 КС)(1) и електричен мотор (80 kW / 110 КС) вграден со најновиот електрифициран автоматски менувач e-EAT8. Батеријата(2), која се наоѓа под задните седишта, без да има влијание врз просторноста на патничката кабина или волуменот на багажникот, има капацитет од 11,8 kWh и опсег до 52 km во комбиниран циклус според постапката за тестирање WLTP(3) и до 64 km во урбано возење(3).

(1)Емисија на CO2 во комбиниран циклус, помеѓу 30 и 36 (g/km), Потрошувачка во комбиниран циклус, помеѓу 1,3 и 1,6 (l/100 km).
Прикажаните вредности за потрошувачката на гориво и емисијата на CO2 се во согласност со процедурата за тестирање WLTP врз основа на која се одобруваат нови возила од 1 септември 2018 година. Важно: вистинскиот опсег може да варира во голема мера во зависност од условите на користење на возилото (стил на возење, брзина, вкупна тежина итн.), употреба на одредена опрема (клима, греење, итн.), тип на пневматици, условите на патиштата, временските услови итн.
(2)Батеријата има гаранција 8 години или 160.000 km за 70% од нејзиниот капацитет за полнење.
(3)Просечен опсег, во електричен режим, помеѓу 48 и 52 km во комбинирано возење и помеѓу 60 km и 62 km во урбано возење.
Прикажаните вредности за потрошувачката на гориво и емисијата на CO2 се во согласност со процедурата за тестирање WLTP врз основа на која се одобруваат нови возила од 1 септември 2018 година. Важно: вистинскиот опсег може да варира во голема мера во зависност од условите на користење на возилото (стил на возење, брзина, вкупна тежина итн.), употреба на одредена опрема (клима, греење, итн.), тип на пневматици, условите на патиштата, временските услови итн.

## ПОВРЗАНИ УСЛУГИ

Откријте ја гамата на услуги, специјално дизајнирани да Ви ги олеснат патувањата и управувањето со Вашиот PEUGEOT 508 SW PLUG-IN HYBRID:
• PEUGEOT Easy-Charge, кој овозможува лесен пристап до различни решенија за полнење дома или во канцеларија. Тој е дополнет со понудата Free2Move за лесен пристап до мрежа од повеќе од 220.000 јавни терминали во Европа.
• PEUGEOT Easy-Care Ви овозможува договори за услуги и помош. Ова исто така Ви овозможува да добиете сертификат за капацитет на батеријата, корисен при продажба на Вашето возило (препродажба).
• Патувајте спокојно со бесплатната апликација MyPeugeot®, која особено Ви овозможува да управувате од далечина со полнењето или термичката подготовка на Вашето возило.




## МОТОРИ СО ВНАТРЕШНО СОГОРУВАЊЕ

PEUGEOT 508 SW може да биде опремен со PureTech бензински или BlueHDi дизел мотори, сите се во согласност со стандардот €6. Тие обезбедуваат заштеда на гориво, задоволство при возењето и врвни перформанси.

Достапни се 2 понуди:

- 1,2L PureTech 130 КС S&S EAT8(1)
- 1,5L BlueHDi 130 КС S&S EAT8(2)

(1)WLTP вредности: Потрошувачка на гориво од 6,0 до 6,4 во комбиниран циклус (l/100 km) – емисија на CO2 (комбиниран) WLTP: од 134 до 145 (g/km).

(2)WLTP вредности: Потрошувачка на гориво од 4,7 до 5,1 во комбиниран циклус (l/100 km) – емисија на CO2 (комбиниран) WLTP: од 123 до 133 (g/km).

Прикажаните вредности за потрошувачката на гориво и емисијата на CO2 се во согласност со процедурата за тестирање WLTP врз основа на која се одобруваат нови возила од 1 септември 2018 година. Условите за тестирање се пореални, потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$ измерени за време на процедурата WLTP во многу случаи се повисоки од мерењата со помош на процедурата NEDC. Потрошувачката на гориво и емисијата на $CO_2$ може да се разликуваат во зависност од реалните услови на користење и различни фактори, како што се: специфична опрема, опции и тип на пневматици. Консултирајте се со Вашиот дилер за повеќе информации. За повеќе информации, консултирајте се со веб-страната на PEUGEOT за Вашата земја.

# ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА






## ОДБЕРЕТЕ ВРВНИ МАТЕРИЈАЛИ

Со комбинирање на декоративните додатоци и навлаките изработени од благородни и безвременски материјали[1] достапни за PEUGEOT 508 SW, создадете сопствен приватен простор, правејќи го секое патување исключително искуство. Седнете, затворете ја вратата и опуштете се.

(1)Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата. Кожа и други материјали: за повеќе информации за материјали од кожа, видете ги техничките податоци достапни на продажното место на PEUGEOT.

1. Ткаенина Losange
2. Ткаенина Imila и TEP Mistral
3. Full-grain црна кожа и TEP Mistral
5. Full-grain и TEP Guerande
6. Црна кожа со украсно порабување сива Aikinite и црна перфорирана кожа
7. Црвена кожа со украсно порабување Aikinite и црвена перфорирана кожа
8. Alcantara® со Aikinite украсно порабување и TEP Mistral



## ИЗБЕРЕТЕ БОЈА

Во зависност од тоа што сакате, изберете ја Вашата боја меѓу 6-те достапни бои.



Сина Dark Blue[1]



Бела Nacré[2]



Црвена Elixir[2]



Сива Artense[2]



Сива Platinium[2]



Црна Perla Nera[2]

(1)Стандард.
(2)Опција.

## ЕДНОСТАВНО БЛЕСКА

Завршната обработка на новиот PEUGEOT 508 е дополнета со алуминиумските наплатки, мат или сјајни. Може да направите избор од 6-те модели[1].

(1)Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.



16" BANDON



16" CYPRESS



17'' алуминиумски наплатки ME-RION двобојни со дијамантски сјај



18'' алуминиумски наплатки HI-RONE двобојни со дијамантски сјај



18" SPERONE алуминиумски наплатки дво - тонски со дијамантски сјај



19" AUGUSTA алуминиумски наплатки дво — тонски со дијамантски сјај



# МРЕЖА И УСЛУГИ.

Кога ќе се одлучите за Peugeot, на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство.

Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

**ЗА ВАША БЕЗГРИЖНОСТ[1]**

**PEUGEOT ГАРАНЦИЈА**

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предностите во склоп на мрежата, можност за 5 годишна гаранција до изминати 100.000 километри гаранција и 12 години гаранција од корозија.

**PEUGEOT ПАКЕТИ**

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата Peugeot квалитет.

**PEUGEOT ОРИГИНАЛНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата на Peugeot во траење од една година.

**ФЛОТНА ПРОДАЖБА**

При флотна набавка на возила во нашите бизнис клиенти нудиме широка палета на комерцијални возила по специјални цени и услови на купување, одржување и сервисирање на возилата. Воедно, нудиме различни опции за преработка или надградба на комерцијални возила согласно Вашите барања (возила за брза помош, амбулантни возила, полициски возила, блиндирани возила итн). Отворени сме за соработка со сите компании кои имаат интерес за набавка на едно или повеќе Peugeot возила, одеднаш или во одреден временски период. Целата комерцијална гама е достапна и во електрична верзија.

**ЗА ВАШЕ ЗАДОВОЛСТВО PEUGEOT НА ИНТЕРНЕТ**

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја официјалната веб страница: http://www.peugeot.com

Македонската интернет страница е:

http://www/peugeot/mk

Следете не и на Facebook и Instagram:

FB/PeugeotMacedonia

IG/Peugeot_Macedonia

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите.

Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ. За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.

Следете не на:
FB/PeugeotMacedonia
Instagram / Peugeot_Macedonia
Linked In / Peugeot-Macedonia

PEUGEOT ВИ ГО ПРЕПОРАЧУВА TotalEnergies

www.peugeot.mk